# Пристап до рехабилитација преку телекомуникациските технологии

World PT Day 2020

## Кога да применувате  рехабилитација преку телекомуникациските технологии

Физиотерапевтите нудат  рехабилитација преку телекомуникациските технологии за поддршка и третман на пациентите со поширок спектар на состојби (заболувања) за време на пандемијата со COVID-19 , вклучувајќи:

- хронични обструктивни белодробни заболувања
- хронична срцева слабост
- дијабет тип 2
- ревматски заболувања
- променети состојби во менталното здравје
- мускулно-скелетни состојби
- канцер
- постоперативни состојби (замена на колк, колено и сл.)

## Што да имате во предвид пред  да закажете термин за состанок со физиотерапевт преку користење на телекомуникациските технологии

**01** Дали сте во состојба да користите компјутер, лаптоп, таблет или друг мобилен апарат?

**02** Дали имате силна и безбедна интернет конекција?

**03** Бидете сигурни дека микрофонот, слушалките/звучниците и веб камерата ви работат соодветно.

**04** Доколку немате добра интернет конекција може да користите и фиксен телефон.

**05** Дали сакате член од семејството или близок пријател да биде со вас за време на консултацијата?

**06** За време на состанокот од вас може да биде побарано да се раздвижите или да направите некоја вежба па затоа планирајте што ќе облечете.

**07** Направете листа на прашања кои планирате да ги поставите

**Подгответе се како да Вашата консултација со физиотерапевтот е “face-to-face” лична средба. Проверете дали го имате бројот на вашиот физиотерапевт за да може да се јавите доколку постојат некакви технички проблеми.**

**Онлајн консултациите може да бидат ефективни исто како и конвенционалните методи за подобрување на физичката состојба, намалување на болката и зголемување и подобрување на мускуло-скелетната состојба.**